ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 29 и 30, а во врска со член 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018), и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за избор на директор на Јавна општинска установа Работнички универзитет „Кирил и Методија"- Гевгелија

Кандидатите за директор на установата треба да ги исполнуваат следните општи услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија;
2. да има завршено високо образование (со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование);
3. да има минимум пет години работно искуство;
4. во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5. да има познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англискиот, француски, германски);
6. да има сертификат за работа со компјутерски програми;
7. да е психофизички здрав и способен за работа.

Со пријавата кандидатите задолжително трба да ја достават следната документација:

- кратка биографија;
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- диплома за завршено високо образование;
- доказ дека има минимум пет години работно искуство;
- доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- сертификат за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англискиот, француски, германски);
- сертификат за работа со компјутерски програми;
- лекарско уверение (не постаро од 6 месеци).

Кандидатите задолжително треба да достават **Предлог-програма за работа и развој на установата.**

Плата (нето): 21.226,00 денари**.**

Работни часови неделно: 40, работно време: од 8,00 до 16,00 часот, работни денови: од понеделник до петок.

Рокот за доставување на потребната документација изнесува 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот оглас (не сметајки го денот на објавувањето).

Потребните документи (со ознака за јавен оглас за директор) да се доставaт по пошта на адреса Општина Гевгелија, ул. „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија или во архивата на општината од 8.00 часот до 16.00 часот. Документите да се доставaт во оригинал или копија заверена на нотар.

Некомплетираните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-1707/1
10.11. 2020 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**